# ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**www.iph.mk**
**Ул. "50 Дивизија" бр.6, 1000 СКОПЈЕ**
**Тел: 02 3 125 044, 3 223 033; Фах: 02 3 223 354**

**ОДДЕЛ ЗА ЕПИДЕМИОЛОГИЈА НА ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА**


# Б И Л Т Е Н

за движењето на акутните заразни заболувања во Република Северна Македонија
во месец **н о е м в р и, 2024**




**Скопје, 13.12.2024**

Во текот на месец ноември 2024 година, до ИЈЗ, пристигнати се вкупно **842** пријави за заболени лица од акутни заразни заболувања *(без КОВИД-19, грип, туберкулоза, СИДА, АФП и хронични носителства на хепатит Б и Ц и ХИВ)* во Република Северна Македонија, со вкупна инциденца од **45,8 на 100.000 жители**.

Вкупниот број на пријавени лица во месец ноември е за 2,5% намален во однос на претходниот месец октомври 2024 година (n=864). Во однос на месец ноември 2023 година (n=1.015) се регистрира намалување на пријавените лица од акутни заразни заболувања за 17,0%, а во однос на аритметичката средина за десетгодишниот период (n=1.733), се регистрира намалување од 51,4%. *(Графикон 1)*

Во вкупниот број на заболени во 2024 година, регистрираните случаи во месец ноември учествуваат со 6,7%. Кумулативниот број на пријавените во 2024 (n=12.622) е за 9,7% поголем во однос на кумулативата за истиот период во 2023 година (n=11.509).

***Графикон 1*. Број на пријавени лица со заразни болести по месеци во 2024 и аритметичка средина**




Најголем број акутни заразни заболувања на ниво на ЦЈЗ во ноември е пријавен на територија на ЦЈЗ Скопје (n=423; 50,2%), а најмал број е пријавен во ЦЈЗ Охрид (n=10; 1,2%). *(Графикон 2)*

Највисока инциденца на 100.000 жители, на ниво на ЦЈЗ, во ноември е регистрирана на територијата на ЦЈЗ Штип (I=114,1/100.000), а најниска е инциденца во ЦЈЗ Охрид (7,8/100.000). *(Графикон 2)*

***Графикон 2*: Број на пријавени и инциденца од акутни заразни заболувања по ЦЈЗ во ноември, 2024 година**




Највисока инциденца на 100.000 жители на ниво на ПЕ е регистрирана на територијата на Штип (I=198,8/100.000), Валандово (I=171,3/100.000) и Крушево(I=167,0/100.000). Во месец ноември, седум ПЕ не доставија пријави за заразна болест до ИЈЗ од територијата што ја покриваат (Демир Хисар, Кичево, Гевгелија, Виница, Пехчево, Дебар и Пробиштип) *(Табела 1 во Прилог, Картограм)*.

***Десетте најчесто пријавувани акутни заразни заболувања*** во ноември учествуваат со 98,0% во вкупниот број на заболени во месецот и бележат инциденца од 44,9/100.000 жители. *(Табела 1)*

***Табела 1*: Десет најчесто пријавувани акутни заразни заболувања во ноември, 2024 година**

| Заболување | Број | I/ 100.000 |
|---|---|---|
| Овчи сипаници | 395 | 21,5 |
| Ентероколитиси | 312 | 17,0 |
| Шуга | 31 | 1,7 |
| Салмонелози | 23 | 1,3 |
| Голема кашлица | 19 | 10 |
| Инфективна мононуклеоза | 12 | 0,7 |
| Скарлатина | 12 | 0,7 |
| Бактериски алиментарни инфекции и интоксикации | 7 | 04 |
| Легионерска болест | 7 | 0,4 |
| Ехинококоза | 7 | 0,4 |
| **Вкупно** | **825** | **44,9** |

***Првите две најчести заразни заболувања*** (овчи сипаници и ентероколити), учествуваат со 84,0% во вкупниот број на заболени, а со 85,7% во десетте најчесто пријавени акутни заразни заболувања во месец ноември 2024 година.

Во ноември, **најчесто** регистрирано акутно заразно заболување се **овчите сипаници** со вкупно 395 пријавени лица. Во вкупниот број на заболени во месецот учествуваат со 46,9%, а во групата на 10 најчести заразни заболувања со 47,9%.

Во однос на претходниот месец октомври 2024 година (n=304) се регистрира зголемување за 29,9%. Во однос ноември 2023 (n=617) и во однос на аритметичката средина за последниот десетгодишен период (n=845), се регистрира намалување на бројот на пријавени од овчи сипаници за 36,0% односно 53,3%, соодветно.

Во вкупниот број на регистрирани овчи сипаници во 2024 (n=6.221), пријавените случаи во ноември учествуваат со 6,3%. Во вкупниот број на регистрирани акутни заразни заболувања во 2024 (n=12.622), овчите сипаници учествуваат со 49,3%.

Кумулативниот број на заболени од овчи сипаници во 2024 (n=6.221) е за 12,4% помал во однос на кумулативата за истиот период во 2023 (n=7.100).

На второ место по број на пријавени заболени во месец ноември се **ентероколитите**, со 312 случаи. Во вкупниот број на заболени во месецот учествуваат со 37,1%, а во групата на десетте најчести заразни заболувања со 37,8%.

Во однос на претходниот месец октомври 2024 година (n=390), се регистрира намалување за 20,0%, како и во однос на аритметичката средина за десетгодишниот период (n=635) каде се регистрира намалување од 50,9%. Во однос на месец ноември 2023 година (n=249) се регистрира зголемување за 25,3%.

Во вкупниот број на пријавени ентероколити во 2024 (n=3.781), бројот на заболените во ноември учествува со 8,3%. Во вкупниот број на регистрирани акутни заразни заболувања во 2024 (n=12.622), учеството на ентероколити е 30,0%.

Кумулативниот број на пријавени ентероколити во 2024 (n=3.781) е зголемен за 23,4% во однос на кумулативата за истиот период во 2023 (n=3.063).

Во однос на поделбата на **акутните заразни заболувања по групи** во ноември, најголем број (n=448) и процент (53,2%) припаѓаат на **капкови заболувања** *(Графикон 3),* со инциденца од 24,4/100.000. Од нив, најголем број (n=395; 88,2%) и со највисока инциденца (I=21,5/100.000) се пријавите за овчи сипаници. Во оваа група се пријавени и 19 случаи на голема кашлица, по 12 случаи на инфективна мононуклеоза и скарлатина, 7 случаи на легионерска болест и три случаи на заразни заушки.

Во месец ноември, пријавени се 342 случаи (40,6% од вкупниот број на пријави) на заболени од групата на **цревни заболувања** (I=18,6/100.000) *(Графикон 3)*. Од нив, најголем број, (n=312; 91,2%) и инциденца (I=17,0/100.000), се пријавите за ентероколити. Пријавени се и 23 случаи на салмонелози (I=1,3/100.000) и 7 случаи на бактериски алиментарни инфекции и интоксикации.

Во групата на **останати акутни заразни** заболувања, во ноември се регистрирани 37 случаи (4,4%; I=2,0/100.000) (*Графикон 3*). Од нив, најголем дел се шуга (n=31; 83,8%), три се случаи на вирусен менингитис и по еден случај на вирусен енцефалитис, бактериски менингитис и друг вирусен хепатит.

Во групата на **сексуално и крвно преносливи инфекции** (без ХИВ/СИДА) се регистрирани 8 заболени лица (1,0%; I=0,4/100.000) *(Графикон 3)*, и тоа пријавени се по три случаи на сифилис и вирусен хепатит Ц и два случаи на вирусен хепатитис Б. *(Табела 1 во Прилог).*

Во групата на **зоонози**, во ноември, пријавени се 7 случаи, сите ехинококози, со напомена дека сите пријави се пристигнати со задоцнување. Имено по една пријава е од месец мај односно септември, две пријави се од јули, а три пријави се од октомври.

***<u>Графикон 3</u>: Структура на заболени по групи на заболувања во ноември, 2024 година***



## *СОСТОЈБА СО ХИВ ВО Р.С. МАКЕДОНИЈА*

Во текот на месец ноември, пријавени се три случаи потврдени на СИДА и еден на ХИВ, сите од машки пол, кои припаѓаат на возрасната група од 20-39 години. (*Табела 3 во Прилог*)

Согласно постоечката евиденција на пријавени случаи (заклучно со 30.11.2024), кумулативниот број на лица регистрирани со ХИВ/СИДА во Р. Северна Македонија, за периодот 1987–2024, изнесува 688, а од нив, согласно податоците со кои располага ИЈЗ:

- 131 лице починале,
- 553 лица живеат со ХИВ/СИДА.

## *ВАКЦИНО-ПРЕВЕНТАБИЛНИ ЗАБОЛУВАЊА*

Во однос на вакцино-превентабилните болести, во месец ноември 2024 се регистрирани 24 случаи со инциденца од 1,3/100.000 жители. (*Табела 2 во Прилог*).

Регистрирани се 2 случаи на вирусен хепатитис Б кои според возраста, не подлежат на имунизација согласно Календарот за задолжителна имунизација во РСМ и не се вакцинирани. Дијагнозата е потврдена лабораториски.

Во текот на ноември, регистрирани се три случаи на заразни заушки. Првиот случај е на возраст од 44 години од Кавадарци со непознат вакцинален статус. Вториот и третиот случај се деца на возраст од 8 години од Скопје, вакцинирани со една доза МРП вакцина. Дијагнозата е клинички потврдена.

Во вкупниот број на пријавените случаи на вакцино-превентабилни болести, **79,2% се случаи на голема кашлица (n=19)**, како резултат на тековната епидемија на територијата на град Скопје и Куманово.
Во текот на месец ноември, регистрирани се случаи на територија на 3 ЦЈЗ/ПЕ низ државата.
Подетални неделни информации, за состојбата со голема кашлица во државата, се достапни на веб страната на ИЈЗ - https://www.iph.mk/.

## *СОСТОЈБАТА СО КОВИД-19 ВО Р.С. МАКЕДОНИЈА*

Во Р. Северна Македонија во текот на месец ноември, пријавени се вкупно 12 случаи на КОВИД-19 (I=0,7/100.000).

Во однос на претходниот месец октомври 2024 (n=56), се регистрира намалување на бројот на пријавени од КОВИД-19 за 78,6%, како и во однос на месец ноември 2023 (n=229) каде намалувањето изнесува 94,8%.

Од заболените во ноември 2024, најголем број (n=10) се пријавени од Скопје.

Во текот на месецот не е регистрирано починато лице асоцирано со КОВИД-19.

Најголем број на заболени (n=10; 83,3%) се регистрирани од возрасната група над 60 години.

Во лабораториите во кои се спроведува молекуларно и антигенско тестирање за присуство на SARS-CoV-2, во текот на месец ноември, се тестирани вкупно 696 материјали за 32,2% помалку во однос на минатиот месец (n=1.026).

Од почетокот на пандемијата, заклучно со 30.11.2024, пријавени се вкупно 352.060 потврдени случаи на КОВИД-19 (I=19.167,9/100.000) и 10.004 смртни случаи (Mt= 544,7/100.000; CFR=2,8%).

## ЕПИДЕМИИ

Во текот на месец ноември, до Институтот за јавно здравје ***не е пристигната пријава за епидемија.***

## СМРТНИ СЛУЧАИ

Во текот на месец октомври, **не е регистриран смртен случај од акутно заразно заболување** *(без КОВИД-19, грип, туберкулоза, СИДА, АФП и хронични носителства на хепатит Б и Ц и ХИВ)*.

## ГРИП

Согласно извештајот на ERVISS за состојбата со респираторните вирусни инфекции во Европскиот регион на СЗО, зклучно со недела 48/2024, стапките на заболувања слични на грип (ИЛИ) и/или акутна респираторна инфекција (АРИ) се зголемени над основното ниво, во 12 од 29 земји. Позитивноста на SARS-CoV-2 на регионално ниво продолжува полека да опаѓа, но има варијации помеѓу земјите и регионите. Најголем број од случаите, и понатаму припаѓаат на постарите возрасни групи. Позитивноста на RSV, во регионот, се зголемува во последните 5 недели. Активноста на грипот исто така расте во последните 2 недели во примарната здравствена заштита низ регионот. На регионално ниво, приемите за грип во болници и на интензивна нега се на ниско ниво, додека оние за RSV се зголемуваат. Приемите во болниците за SARS-CoV-2 продолжуваат да опаѓаат.

Во текот на ноември, во Република Северна Македонија на групни пријави за заболени од грип/ заболувања слични на грип, пријавени се вкупно 259 заболени лица (I=14,1/100.000). Од нив, најголем број на заболени е регистриран во ЦЈЗ Куманово (n=75), а највисока инциденца е регистрирана во ПЕ Гостивар (I=66,2/100.000).

Во Вирусолошката лабораторија на ИЈЗ од почетокот на сезоната 2024/2025 пристигнати се 151 хуман материјал од здравствените установи, од кои сите со негативен резултат на грип.

## ЛАБОРАТОРИСКИ ИЗОЛИРАНИ ИЛИ НА ДРУГ НАЧИН ДОКАЖАНИ ПРИЧИНИТЕЛИ НА ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА И РЕЗИСТЕНЦИЈА НА АНТИБИОТИЦИ

Во текот на месец ноември, 2024 година во ИЈЗ се пристигнати 964 *Пријави за изолиран-докажан причинител на заразна болет и резистенција на антибиотици (Табела 4 во прилог).*

Пријави се добиени од микробиолошките лаборатории од териториите на десетте ЦЈЗ. Најголем број пристигнати пријави се од лабораториите кои се наоѓаат на територијата на ЦЈЗ Скопје (n=727; 75,4%), ЦЈЗ Куманово (n=82; 8,5%) и ЦЈЗ Битола (n=75; 7,8%) (*Табела 4 во Прилог)*.

Најчесто пријавувани причинители во месец септември се: *MRSA (n=219; 22,7%) и HPV (n=149; 15,5%).*

Во однос на пријавите за резистенција на антибиотици, регистрирана е резистенција за *MRSA, Acinetobacter baumanii, Escherichia coli ESBL, Klebsiella pneumoniae ESBL, Enterococcus faecalis VRE, Proteus mirabilis ESBL и Pseudomonas aeruginosa.*

Во однос на лабораториите кои пријавуваат резистенција, пријавите се од микробиолошките лаборатории на територијата на ЦЈЗ Битола, ЦЈЗ Скопје, ЦЈЗ Куманово, ЦЈЗ Охрид, ЦЈЗ Струмица и ЦЈЗ Штип.

## БОЛЕСТИ КОИ СЕ РЕГИСТРИРААТ КАЈ СТРАНСКИ ДРЖАВЈАНИ

Во текот на месец ноември, пристигнати се 4 пријави за заразни заболувања кај странски државјани кои престојувале во Република Северна Македонија.

Регистрирани се по еден случај на овчи сипаници, салмонелоза, ентероколитис и сифилис.

Во текот на 2024 година, регистрирани се 89 пријави за акутни заразни заболувања кај странски државјани. И тоа, 37 пријава на ентероколитис, 18 пријави за бактериски алиментарни инфекции и интоксикации, 12 пријави за салмонелози, 9 пријави за голема кашлица, 4 пријави на овчи сипаници, 3 пријави за шуга, две пријави за инфективна мононуклеоза и по една пријава за шигелоза, вирусен хепатитис Б, сифилис и инфекција со Clostridium difficile.

Според земјата од која доаѓаат, 20 лица се од Косово, 12 од Германија, по 9 од Турција и Швајцарија, 7 од Австрија, по 6 од Белгија и Србија, по 3 од Словенија и Италија, 2 од Холандија, БиХ и Црна Гора, и по еден од САД, Шведска, Хрватска, Норвешка, Франција, Унгарија, Кипар и Романија.

***Оддел за епидемиологија на заразни заболувања***
***Институт за јавно здравје на РСМ***